# СТУДИСКА ПРОГРАМА

## за последипломски магистерски студии по ДЕФЕКТОЛОГИЈА

**Вовед**

Имајќи го предвид развојот на дефектолошката теорија и практика во светот и во Република Македонија, на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје, веднаш со неговото отпочнување со работа, се создадоа услови за отворање на последипломски студии. На овој начин се прекина со досегашната практика дефектолозите од Република Македонија да се запишуваат на после дипломски студии во Србија и Црна Гора (во Белград) или Република Бугарија (во Софија или Благоевград). Секако, за ова придонесоа и досегашните искуства кои покажаа дека непосредното пренесување на модели на образование од други социјални, културни и економски средини не е можно и дека решението треба да се бара на самиот Институт за дефектологија.

Отворањето на последипломскии студии беше потенцирано од самите студенти кои завршуваа студии по дефектологија и во голем број изразија желба за понатамошно стручно усовршување.

Институтот за дефектологија располага со соодветен наставнички кадар. Во истовреме е воспоставена соработка се ангажирани наставници од другите институти на Филозофскиот факултет и другите сродни факултети на Универзитетот во Скопје и Дефектолошките факултети од Србија и Црна Гора и Република Бугарија, за покривање на предмети и/или наставни содржини во времето додека Институтот не обезбеди свој наставен кадар.

Кандидатите кои ќе завршат последипломски студии ќе се здобијат со назив: Магистер по дефектолошки студии од одреденото научно подрачје.

Првата генерација студенти на после дипломски студии беше запишана во учебната 1998/99 година и оттогаш, преку една година, перманентно се запишува нова генерација.

**Цел на после дипломските студии**

Главна цел на после дипломските студии е создавање на кадар подготвен да ја иницира, унапредува и да ги следи современите тенденции на дефектолошката теорија и практика.

Последипломските студии пред сî се насочени кон едукација на кадри за научно истражувачка работа на:

- Институтот за дефектологија
- Републички институции од областа на образованието, социјалната заштита, здраветвената заштита,
- Институции во кои се реализира дефектолошката практика со лица со пречки во развојот
- Редовни предучилишни установи, основни и средни училишта,
- Министерства за социјална заштита, образование, здравство.

**Траење на студиите и кредити:**

Наставата, испитите и другите активности на последипломските студии по дефектологија се одвиваат во три семестри, додека четвртиот е наменет за изработка на магистерскиот труд. Кредитите се распределени рамномерно по семестри. За да пристапи кон изработка на магистерскиот труд кандидатот треба претходно да освои 90 кредити. Магистерскиот труд се вреднува со дополнителни 30 кредити или вкупно, со завршување на последипломските студии кандидатот освојува 120 кредити.

**Изработка на магистерски труд**

Ментор на кандидатот за изработка на магистерскиот труд може да биде еден од наставниците кои ја изведуваат наставата. Кандидатот избира тема во договор со менторот. Магистерскиот труд се брани според критериуми утврдени на Филозофскиот

факултет, со претходно усвојување на темата на трудот од страна на Советот за после дипломски студии.

**Финансирање:**
Последипломските студии по дефектологија се реализираат со самофинансирање на студентите.

**Семинарски работи и др.**
Студентот е должен да изготви  две семинарски работи и истражувачки проект по предметот Планирање на научното истражување. Со нив освојува по 5 кредити или вкупно 15 кредити.

**Научно звање:** Со одбрана на магистерскиот труд, кандидатите се стекнуваат со научен степен - Магистер по дефектолошки науки. Во дипломата  ќе биде назначена изборната група предмети што ја избрал кандидатот.

**А. Задолжителни предмети**

| **Код** | **Предмети** | **часови** | **кредити** | **семестри** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ110 | Теории на едукацијата и рехабилитацијата | 30 | 10 | 1 | | |
| ФДЛ120 | Планирање на научното истражување | 45 | 15 | 1 | | |

| **Код** | ***А.1. Изборни предмети од групата на задолжителни*** | **часови** | **кредити** | **семестри** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ310 | Научни истражувања во дефектологијата | 15 | 5 | | | 3 |
| ФДЛ320 | Квантитативни методи на истражување | 15 | 5 | | | 3 |
| ФДЛ330 | Квалитативни методи на истражување | 15 | 5 | | | 3 |

Студентот избира 1 (еден) од наведените предмети

А. Изборни групи на предмети

| Код | Б.1. Ментална ретардација и аутизам | часови | кредити | семестри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ210 | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со ментална ретардација и аутизам | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ212 | Проценка на психомоторниот развој на лицата со ментална ретардација и аутизам | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ214 | Психомоторни развојни растројства | 30 | 10 | | | 3 |
| ФДЛ216 | Аутизам | 30 | 10 | | | 3 |

| Код | Б. 2. Оштетување на слухот и говорот | часови | кредити | семестри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ220 | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со оштетен слух | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ222 | Методи на рана дијагностика и интервенција на децата со говорни и јазични нарушувања | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ224 | Растројства во говорот и гласот | 30 | 10 | | | 3 |
| ФДЛ226 | Комуникација на лицата со оштетен слух | 30 | 10 | | | 3 |

| Код | Б.3. Оштетување на вид | часови | кредити | семестри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ230 | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со оштетен вид | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ232 | Ортоптика и плеоптика | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ234 | Рехабилитација на видот кај слабовидите | 30 | 10 | | | 3 |
| ФДЛ236 | Оспособување на лицата со оштетен вид за самопомош | 30 | 10 | | | 3 |

| Код | Б.4. Моторни нарушувања | часови | кредити | Семестри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ240 | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на телесно инвалидни лица | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ242 | Кинезитерапија | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ244 | Медицинска рехабилитација на телесно инвалидни лица | 30 | 10 | | | 3 |
| ФДЛ246 | Невролошки аспекти на моторните нарушувања | 30 | 10 | | | 3 |

**В. Изборни предмети**

| Код | ***В.1. Ментална ретардација и аутизам*** | часови | кредити | семестри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ410 | Генетски аспекти на менталната ретардација | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ412 | Менталното здравје кај лицата со ментална ретардација | 15 | 5 | | 2 | |

Студентот избира 1 (еден) од наведените предмети

| Код | ***В.2. Оштетување на слухот и говорот*** | часови | кредити | семестри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ420 | Генетски аспекти на слушните, говорните и јазичните нарушувања | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ422 | Детски јазик со психолингвистика на нормалниот и нарушен развој | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ424 | Визуелна перцепција на говорот | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ426 | Фонетика | 15 | 5 | | 2 | |

Студентот избира 1 (еден) од наведените предмети

| Код | ***В.3. Оштетување на вид*** | **часови** | **кредити** | **семестри** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ430 | Медико-генетски аспекти на оштетениот вид | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ432 | Перипатологија | 15 | 5 | | 2 | |

Студентот избира 1 (еден) од наведените предмети

| Код | ***В.4. Моторни нарушувања*** | **часови** | **кредити** | **семестри** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ440 | Генетски аспекти на нарушената моторика | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ442 | Окупациона терапија | 15 | 5 | | 2 | |

Студентот избира 1 (еден) од наведените предмети

**Список на наставници кои ќе ја реализираат студиската програма:**

| Р.б. | Предмет | Носител |
|---|---|---|
| 1. | Теории на едукацијата и рехабилитацијата | Проф. д-р Љупчо Ајдински |
| 2. | Планирање на научното истражување | Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска |
| 3. | Научни истражувања во дефектологијата | Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска |
| 4. | Квантитативни методи на истражување | Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска |
| 5. | Квалитативни методи на истражување | Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска |
| 6 | Новини во едукацијата и рехабилитација-та на лицата со ментална ретардација и аутизам | Проф. д-р Ристо Петров |
| 7. | Проценка на психомоторниот развој на лицата со ментална ретардација и аутизам | Проф. д-р Горан Ајдински |
| 8. | Психомоторни развојни растројства | Проф. д-р Драгослав Копачев |
| 9. | Аутизам | Доц. д-р Владимир Трајковски |
| 10. | Новини во едукацијата и рехабили-тацијата на лицата со оштетен слух | Доц. д-р Зора Јачова |
| 11. | Методи на рана дијагностика и интервенција на деца со говорни и јазични нарушувања | Проф. д-р Драгослав Копачев |
| 12. | Растројства во говорот и гласот | |
| 13. | Комуникација на лицата со оштетен слух | Доц. д-р Зора Јачова |
| 14. | Новини во едукацијата и рехабили-тацијата на лицата со оштетен вид | Проф. д-р Љупчо Ајдински |
| 15. | Ортоптика и плеоптика | Проф. д-р Бранко Станков |
| 16. | Рехабилитација на видот кај слабовидите | Проф. д-р Владимир Радулов |
| 17. | Оспособување на лицата со оштетен вид за самопомош | Проф. д-р Владимир Радулов |
| 18. | Новини во едукацијата и рехабили-тацијата на телесно инвалидните лица | Проф. д-р Љупчо Ајдински |
| 19. | Кинезитерапија | Проф. д-р Јован Шуков |
| 20. | Медицинска рехабилитација на телесно инвалидните | Доц. д-р Владимир Трајковски |
| 21. | Менталното здравје кај лицата со ментална ретардација | Проф. д-р Драгослав Копачев |
| 22. | Генетски аспекти на менталната ретардација | Доц. д-р Владимир Трајковски |
| 23. | Детски јазик со психолингвистика на нормалниот и нарушен развој | Проф. д-р Владимир Пандев |
| 24. | Визуелна перцепција на говорот | Доц. д-р Зора Јачова |
| 25. | Фонетика | Проф. д-р Људмил Спасов |
| 26. | Генетски аспекти на говорно јазичните нарушувања | Доц. д-р Владимир Трајковски |
| 27. | Перипатологија | Доц. д-р Мира Цветкова |
| 28. | Медико-генетските аспекти на оштетениот вид | Доц. д-р Владимир Трајковски |
| 29. | Окупациона терапија | Доц. д-р Зора Јачова |
| 30. | Генетски аспекти на нарушената моторика | Доц. д-р Владимир Трајковски |